Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно член 68 став 5 од Судскиот деловник и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 05.07.2021 година, го утврди следниот:

# З А К Л У Ч О К

Во постапката за судење во разумен рок ќе се прифаќаат само трошоци кои се навистина направени, неопходно сторени и разумни по обем.

**Како реални трошоци во постапката за судење во разумен рок ќе се признаваат само докази доставени во оригинал. Фотокопирани докази не се признаваат.**

**Во постапката за судење во разумен рок, барањето за состав на полномошно, нема да се признава како реален трошок.**

Во првостепената одлука, во образложението, на крајот од одлуката да има посебен став за трошоците по постапката, а второстепената одлука по жалба да остане како и досега.

ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК